MQS
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008

# ОПШТИНА ШТИП

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Број 09-2421/1*
*28.04.2021 година*
*Ш т и п*

Врз основа на член 23 став 1 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ", број 10/20) и член 51 став 3 од Статутот на Општината Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Градоначалникот на Општината Штип, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОДРЕДУВАЊЕ СЛУЖБЕНИК ЗА МЛАДИ ВО ОПШТИНАТА ШТИП

1. **Денис Мемишов,** вработен во општинската администрација на Општината Штип со звање соработник, СЕ ОДРЕДУВА за службеник за млади.
2. Службеникот за млади е одговорен за работењето на Канцеларијата за млади, за координирање, спроведување и следење на прашањата од интерес на младите во делокругот на надлежностите на Општината Штип.
3. Службеникот за млади изготвува годишни извештаи за работата на Општината Штип во делокругот на младите, истите ги доставува до Агенцијата за млади и спорт и ги објавува на веб-страницата на Општината Штип.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 23 став 1 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ", број 10/20), „општините се должни за одредат службеник за млади, лице одговорно за работењето на Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашањата од интерес на младите во делокругот на надлежностите на институцијата".

Согласно горенаведеното се донесе решение како во диспозитивот.

Општината Штип
Градоначалник
Д-р Сашко Николов

*Секретар: Соња Китанова*

*Општина Штип ул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Градоначалник Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*